**ЗАПИСНИК**
**од 21 - та седница на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 18.06.2015 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, Претседател на Советот на АААВМУ, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини и Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** д-р Милаим Фетаи (оправдано отсутен), м-р Алма Машовиќ (оправдано отсутна, породилно отсуство).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, Директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, м-р Емилија Јаневска, Катерина Доневска, Весна Симоновска, Александар Џуверевиќ, Маја Дамевска, Јетон Исмаили.

**Други присутни:** Елена Костова од ЦРМ, Наташа Стојановска од ТВ Алсат М.

Г-дин Петрушевски ја отвори 21-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата. Г-дин Петрушевски, најави дека Заменикот на претседателот на Советот, д-р Милаим Фетаи, ќе биде отсутен од седницата, а отсуството навремено го најавил по електронска пошта, наведувајќи дека не може да присуствува поради непредвидени семејни причини.

Предлози за измена и дополнување на дневниот ред не беа предложени.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 5 гласа „за", го усвои следниот:

**Д н е в е н   р е д**

1. Усвојување на Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.06.2015 година.

2. Предлог - Одлука за доделување дозвола на ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.

3. Предлог - Одлука за доделување дозвола на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво.

4. Предлог - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст, бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година).

5. Предлог – Програма за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост.

6. Предлог - Одлука за утврдување на состојбата на движна ствар и одлука за вршење процена на вредноста на движна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Предлог – Одлука за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015.

8. Предлог за дополнување и изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3317/1 од 08.05.2015 година.

9. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект Палата „Панко Брашнаров".

10. Предлог – Одлука за потреба од јавна набавка: Одржување на системот за снимање на аудио-видео записи.

11. Предлог - Одлука за одобрување на финансиски средства и потпишување на Договор со „АКАДЕМИКА" – електронска база на прописи.

12. Барање за надомест на трошоци поврзани со работата - за смрт на член на семејство.

13. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 04.06.2015 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог - Одлуката за доделување дозвола на ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво и Предлог - Одлуката за доделување дозвола на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, за телевизиско емитување на програмски сервис преку ЈЕКМ што не користи ограничен ресурс, на регионално ниво. Објасни дека наведените радиодифузери ги исполниле условите и обврските утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на овој Закон и при тоа имаат поднесено и изјава заверена на нотар дека се откажуваат од дозволата за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс. Исто така нагласи дека како и за претходните така и за доделувањето на двете дозволи кои се на дневен ред, треба да се испрати допис со која ќе се известат сите ОЈЕКМ што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето за коешто е доделена дозволата, односно подрачјето Д5, да склучат договори за емитување, почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, согласно член 77 став 6 од Законот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-849 од 16.06.2015 година и едногласно донесе Одлука за

доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат на македонски јазик, на регионално ниво, на подрачјето Д5 – Пелистер (Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Кривогаштани, Општина Долнени, Општина Крушево, Општина Демир Хисар, Општина Ресен, Општина Кичево, Општина Македонски Брод, Општина Пласница), на Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, ул. „Јоска Јорданоски" бр.5, Прилеп, со ЕМБС 6325432 и ЕДБ 4021008502198, со текст како што беше предложена.

Советот констатира престанок на важност по сила на закон на дозволата за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на Трговското радиодифузно друштво ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи во соработка со Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со допис да ги извести сите ОЈЕКМ што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето за коешто е доделена дозволата, односно подрачјето Д5, да склучат договори за емитување со ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, согласно член 77 став 6 од Законот.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи, да испрати известување до операторот ОНЕ дека престана да важи претходната дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на ТРД ВИЖН БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДООЕЛ Прилеп, доделена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи да испрати допис до оператор ОНЕ, со кој ќе побара во иднина да се коригира досегашниот износ за горенаведениот субјект на фактурата за сигналот кој го доставуваше, односно истата да се намали.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-850 од 16.06.2015 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола за телевизиско емитување на програмски сервис со претежно забавен општ формат, на албански јазик и на македонски јазик, на регионално ниво, на подрачјето Д5 – Пелистер (Општина Битола, Општина Прилеп, Општина Новаци, Општина Могила, Општина Кривогаштани, Општина Долнени, Општина Крушево, Општина Демир Хисар, Општина Ресен, Општина Кичево, Општина Македонски Брод, Општина Пласница), на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, бул. „Ослободување" бр.33, Кичево, со ЕМБС 5225175 и ЕДБ 4012998112454, со текст како што беше предложена.

Советот констатира престанок на важност по сила на закон на дозволата за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ.

Телевизискиот програмски сервис ќе се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи во соработка со Секторот за информатичка поддршка и општи работи, со допис да ги извести сите ОЈЕКМ што не користат ограничен ресурс, кои ја вршат дејноста во подрачјето за коешто е доделена дозволата, односно подрачјето Д5, да склучат договори за емитување со ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, почитувајќи ги принципите на објективност, транспарентност и недискриминација, согласно член 77 став 6 од Законот.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи, да испрати известување до операторот ОНЕ дека престана да важи претходната дозвола за телевизиско емитување преку дигитален терестријален мултиплекс на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА УСКАНА Мунир Мехдиу Кичево ДООЕЛ, доделена од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за правни и економско финансиски работи да испрати допис до оператор ОНЕ, со кој ќе побара во иднина да се коригира досегашниот износ за горенаведениот субјект на фактурата за сигналот кој го доставуваше, односно истата да се намали.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар го образложи Предлог - Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст, бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година).

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-4038/1 од 16.06.2015 година и едногласно донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст, бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година), со текст како што беше предложен.

Во горенаведениот правилник, со цел усогласување со одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, се извршија следните измени и дополнувања и тоа:

1. Во членот 16:
   - насловот на членот 16 се измени и гласи: „Отпис/расходување и продажба на возилата"
   - во ставот (1) по зборовите: „можат да се" се додаде зборот: „отпишат/"

- ставот (2) се смени и гласи: „Решение за отпис/расходување или продажба на службените моторни возила донесува директорот на Агенцијата, а по претходно дадено одобрение од страна на Советот на Агенцијата“.

2. Во членот 17:
   - во ставот (1) пред зборот: „Расходуваните“се додаде зборот: „Отпишаните/“
   - ставот (2) се избриша;
   - ставот (3) кој стана став (2) се измени и гласи: „Постапката за продажба на службените моторни возила на Агенцијата по пат на јавно наддавање ја спроведува Комисијата за недвижни и движни ствари формирана од страна на директорот на Агенцијата.“
3. Во Прилогот бр.1 Преглед на службени моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги зборовите: „–NISSAN QASHQAI, со регистарски таблички SK-115-UB;“ се заменија со зборовите: „ – VOLKSWAGEN PASSAT B8 1.6 TDI BMT, со регистарски таблички SK-1091-AI;“.

Сите останати одредби од Правилникот за начинот на користење, управување и одржување на службените моторни возила на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Пречистен текст, бр.01-1063/1 од 11.02.2015 година, не се менуваат.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи донесениот правилник да го објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот подзаконски акт да го објави на веб страната на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи, да изработи пречистен текст на горенаведениот правилник.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска ја образложи Предлог – Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост. Објасни дека според член 26 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата „презема активности за да ги поттикне давателите на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги, своите услуги постепено да ги направат достапни за лицата со оштетен слух или вид“. При преземањето на ваквите активности, согласно член 26 став 3, регулаторното тело „соработува со невладини организации, здруженија на граѓани, образовните институции и други заинтересирани страни и истите ги објавува на својата веб страница“. Сите активности се составен дел од годишниот извештај за работа на Агенцијата (член 26 став 4).

Информира дека на ова прашање, Агенцијата се осврна уште во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2013 – 2017, каде се разгледуваат можностите за прилагодување на аудиовизуелните медиумски содржини за потребите на лицата со сетилна попреченост, односно со оштетен слух и вид,

Со цел да се обезбеди системски приод кон прашањето за достапност на аудиовизуелните програми за лицата со оштетен слух и вид, беа изготвени два документи од страна на домашна и странска експертка, ангажирани преку проектот „Зајакнување на административните капацитети на телата задолжени за

телекомуникации и медиуми за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги", финансиран од страна на Европската комисија според ИПА рамката. Едниот, насловен „Нацрт - програма за активности и мерки за поттикнување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите услуги достапни за лицата со оштетен вид или слух и предлози за подобрувања" го изработи експертката по медиумско право м-р Јелена Сурчулија Милојевиќ, а другиот - „Преглед на мерките и праксите во другите европски земји во однос на обезбедувањето пристап за лицата со оштетен вид или слух до аудиовизуелните медиумски услуги", од д-р Снежана Трпевска, ангажирана како клучен експерт два на Проектот.

Двата документи, рече, дека се во согласност со барањето од член 26 став 3 од Законот, на 3 април 2015 година, беа презентирани на работилница на која беа поканети претставници на здруженијата на лицата со оштетен вид и слух, на релевантните институции и органи, како и на телевизиите. Информација за работилницата беше објавена на веб страницата на Агенцијата

(http://www.avmu.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=2196%3A2015-04-06-08-00-48&catid=171%3Anastani&Itemid=504&lang=mk).

Врз основа на двата документи, беше изработена *Нацрт - програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост*, по чиј текст беше отворена јавна расправа, која траеше од 30 април до 15 јуни. Документот беше објавен на веб страницата на Агенцијата, на 30 април 2015 година, по електронска пошта беше упатена покана за учество во расправата (заедно со нацрт-текстот), како и потсетување – на 3 јуни 2015 г. Повратно беа добиени коментари и мислења од г. Коце Димов од Националната федерација за спорт и рекреација на инвалидите на Македонија – Македонскиот параолимписки комитет, од г-ѓа Ива Михајловска од Канцеларијата на Народниот правобранител, од г-ѓа Марија Башеска Стојановска од Македонската радиотелевизија, од г-ѓа Виолета Совкаровска, исто така од Македонската радиотелевизија и од г. Слободан Беличански.

Дел од нив се инкорпорирани во Предлог-програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, како што е образложено во текстот Добиени мислења и коментари по Нацрт - програмата за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост и ставот на Агенцијата. Програмата ги содржи следниве елементи:

- Меѓународна и европска регулаторна рамка за слободата на изразување и пристап до информациите за лицата со попреченост;
- Програма за активности и мерки за поттикнување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите услуги достапни за лицата со оштетен слух или вид;
- Прилог: Преглед на мерките и практиките во другите европски земји во однос на обезбедување пристап за лицата со оштетен вид или слух до аудиовизуелните медиумски услуги: преглед на ситуацијата во европските земји, законска регулатива на национално ниво, цели, примерот на Велика Британија – ОФКОМ (OFCOM), примерот на Германија.

Г-дин Петрушевски во врска со Програмата за обезбедување достапност до медиумите на лица со сетилна попреченост, објасни дека Агенцијата се осврна во Стратегијата за развој на радиодифузната дејност во Република Македонија 2013 – 2017, каде се разгледуваат можностите за прилагодување на аудиовизуелните медиумски содржини за потребите на лицата со сетилна попреченост, односно со

оштетен слух и вид. За таа цел во текот на 2015 година се преземаа и остварија повеќе активности преку ИПА проектот. Негово мислење е дека документот е квалитетно изработен и во целост ќе го поддржи неговото усвојување.

Г-дин Фидановски, постави прашање, дали со наведената програма ќе им се препорача или ќе им стане облигација на медиумите, односно иако го има на одредени медиуми, дали знаковниот јазик ќе стане задолжителен за сите програмски содржини или ќе биде на ниво на препорака?

Г-ѓа Јаневска одговори дека примената на знаковниот јазик треба да биде во форма на договор, да медиумите сами преземат обврска тоа да го направат а Агенцијата ќе преземе обврска да прави мониторинг на тоа што медиумите сами ќе се обврзат да го направат. Информира дека само во две земји постои обврска комплетната програма да биде прилагодена на лица со сетилна попреченост затоа што тоа бара многу ресурси од радиодифузерите. Генерално рече дека ќе се оди со план за годишни квоти, за тоа колку секоја година и кој вид на програми треба да се направат достапни.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-4042/1 од 16.06.2015 година и едногласно донесе Програма за обезбедување достапност до медиумите на лицата со сетилна попреченост, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената програма да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар ги образложи Предлог - Одлуката за утврдување на состојбата на движна ствар и одлуката за вршење процена на вредноста на движна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека станува збор за моторно возило марка „НИСАН КАШКАИ“ - 1,4 со регистарска таблица SK-115-UB, број на шасија: SJNFCA10U1395639, број на мотор K9K93448D, година на производство 2009, комбинирано, боја на каросеријата „Мет. Црна - 20“.

Г-дин Петрушевски појасни дека возилото „НИСАН КАШКАИ“ не е во исправна состојба и дека неговото одржување изискува големи финансиски средства.

Г-дин Трајчев праша што ќе се утврдува на возилото, односно дали е во возна состојба или не, или пак нешто друго, бидејќи проценката ја утврдува вредноста на возилото.

Г-ѓа Скерлев – Чакар, одговори дека се постапува согласно забелешките и насоките дадени од Државниот завод за ревизија, каде во Ревизорскиот извештајот од 2013 година, било кажано дека за таа намена е потребно стручно лице кое ќе изврши проценка и вештачење на моменталната состојба на возилото и причините поради кое е во таква состојба. Прво, рече, ќе се утврди техничката состојба на возилото а потоа врз основа на тие наоди ќе се ангажира лице за процена на вредноста на возилото.

Г-дин Трајчев објасни дека со вештачење се утврдува одредено прашање кога стручни лица треба да дадат свое мислење за одредена работа. Бидејќи целта е продажба на возилото, праша дали е неопходно да се прави вештачење и не ја гледа смислата на вештачење кога проценителот исто така ќе ја утврди состојбата на возилото и неговата вредност, и врз основа на таа проценка ќе се започне со продажба. Според него нема потреба да се ангажира лице за утврдување на состојбата

на движна ствар, туку само вршење процена на вредноста на службеното возило на Агенцијата.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев – Чакар, предложи г-дин Трајчев да го погледне мислењето од Државниот завод за ревизија.

Г-дин Петрушевски, бидејќи имаше потреба од разгледување на дополнителна документација, предложи да се одложи точката а во меѓувреме да му се достави потребниот документ на г-дин Трајчев.

**Точка 7**

Раководителката на Одделението за економско-финансиски работи, Весна Симоновска, детално ја образложи Предлог – Одлуката за ребаланс на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година.

Г-дин Петрушевски, во однос на софтверот за правно, финансиско и економско работење, рече дека е идеја која ја кажал пред неколку години, кога и бил со полно работно време во тогашниот Советот за радиодифузија на Република Македонија, сега АААВМУ. Рече дека сега постојат неколку помали софтвери кои ги вршат работите предвидени со софтверот за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата. Тие меѓу себе не комуницираат и релативно се застарени односно работат на постари оперативни системи, така да исти податоци се внесуваат од различни сектори. Од тие причини го поддржува ребалансот на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015 година.

Г-дин Фиданоски, праша дали зголемувањето на средствата што е за премијата за осигурување е сразмерно пропорционално на големината на просторот во новиот објект. На прашањето беше одговорено дека зголемувањето се однесува поради зголемениот простор во однос на квадратурата и поради новата изградба на објектот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-4041/1 од 16.06.2015 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за 2015-та година, бр.05-759/1 од 30.01.2015 година, поради потребата од средства за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров“, средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци, со текст како што беше предложена одлуката.

Вкупно предвидените расходи и приходи со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година ќе останат на утврдениот износ од 208.959.720,00 денари, бидејќи само се изврши прераспределба на средствата на четири расходни ставки, и тоа:

- се зголеми групната ставка 412 Премии за осигурување за 137.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 360.000,00 денари истата изнесува 497.500,00 денари.
- позицијата 412100 Премии за осигурување на недвижности и права, наместо досегашниот износ од 180.000,00 денари, истиот се зголеми за 137.500,00 денари и изнесува 317.500,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров“.

- се зголеми групната ставка 442 Други капитални средства за 450.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари истата изнесува 1.465.000,00 денари.

- позицијата 442100 Откуп на патенти, лиценци и други права, наместо досегашниот износ од 1.015.000,00 денари, истиот се зголеми за 450.000,00 денари и изнесува 1.465.000,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, кој е потребен за работењето во институцијата.

- се зголеми групната ставка 414 Надоместоци на трошоци на работници и граѓани за 50.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 8.272.000,00 денари, истиот изнесува 8.322.000,00 денари.

- позицијата 414900 Други надоместоци, наместо досегашниот износ од 600.000,00 денари, истиот се зголеми за 50.000,00 денари и изнесува 650.000,00 денари.

- се намали групната ставка 441 Средства за опрема за 637.500,00 денари и наместо досегашниот износ од 10.509.200,00 денари истата изнесува 9.871.700,00 денари.

- позицијата 441000 Купување на канцелариски мебел, наместо досегашниот износ од 8.779.200,00 денари, се намали за 637.500,00 денари и изнесува 8.141.700,00 денари. Средствата кои се обезбедуваат се однесуваат за финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект, Палата „Панко Брашнаров", средства за интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење за потребите на институцијата, како и средства за други надоместоци.

Се задолжи Секторот правни и економски-финансиски работи, да го изготви горенаведениот Ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година, во кој ќе ги вгради наведените измени и дополнувања.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

**Точка 8**

Соработникот од Одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, го образложи предлогот за дополнување и изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3317/1 од 08.05.2015 година.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4043/1 од 16.06.2015 година и едногласно даде одобрување за дополнување и изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3317/1 од 08.05.2015 година, со текст како што беше предложен.

Согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои произлегоа по донесувањето и усвојувањето на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-3317/1 од 08.05.2015 година, а во врска со членот 26 став 3 од Законот за јавните набавки, постојниот годишен план за јавни набавки за 2015 година, се дополни и измени и тоа:

- Во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се изврши следното дополнување, и тоа:

по ставката 12 се додаде 1 (една) нова ставка и тоа 13 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 13. | Интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење | | јули | Постапка со барање за прибирање понуди | xxx денари |

- Во Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услуги, се изврши следното дополнување, и тоа:

по ставката 32, се додаде 1 (една) нова ставка и тоа 33 која гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 33. | Финансиско -осигурителни услуги за новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект Палата „Панко Брашнаров“ | | јуни | Постапка со барање за прибирање понуди | xxx денари |

За горенаведеното дополнување и изменување на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-3317/1 од 08.05.2015 година:

- за јавната набавка – стока: Интегриран софтвер за правно, финансиско и економско работење, и
- за јавната набавка – услуга: Финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект Палата „Панко Брашнаров“, средствата во целост се обезбедени со ребаланс на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2015-та година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи да изработи пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2015 година на Агенцијата.

**Точка 9**

Соработникот од Одделението за јавни набавки и општи работи, Александар Џуваревиќ, ја образложи Предлог – Одлуката за потреба од јавна набавка: Финансиско-осигурителни услуги на новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект Палата „Панко Брашнаров“.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4023/3 од 17.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да спроведе постапка за јавна набавка: Финансиско-

осигурителни услуги за новото седиште на Агенцијата во Скопје – деловен објект Палата „Панко Брашнаров“.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 10**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог – Одлуката за потреба од јавна набавка: Одржување на системот за снимање на аудио-видео записи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4024/3 од 16.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да спроведе постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на системот за снимање на аудио - видео записи.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 11**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог – Одлуката за одобрување на финансиски средства и потпишување на Договор со „АКАДЕМИКА“ – електронска база на прописи.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот на Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-4043/1 од 16.06.2015 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука со која ќе се одобрат финансиски средства во вкупен износ од 13.352,00 денари со пресметан данок на додадена вредност за користење на услугата – претплата за 1 (една) конекција/пристап на електронска база на прописи – Академика, за период од 6 (шест) месеци и во име на Агенцијата да го потпише Договорот за електронски пристап на „Академика“ – електронска база на прописи.

Доставената Понуда бр.03-3849/1 од 08.06.2015 година од Трговското друштво Агенција во приватна сопственост за интелектуални услуги „Академик“ ДООЕЛ Скопје, беше најповолна за Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да ги преземе потребните активности согласно Законот за јавните набавки.

**Точка 12**

Г-дин Трајчевски го образложи Барањето за надомест на трошоци поврзани со работата - за смрт на член на семејство. Објасни дека е поврзано со Финансискиот план на Агенцијата за 2015 година и согласно законот има право на исплата на две просечни плати.

Советот на Агенцијата го усвои Барањето за надомест на трошоци поврзани со работата - за смрт на член на семејство бр.3842/1 од 08.06.2015 година, поднесено од Тања Пачоска и Мислењето во врска со барањето од м-р Тања Пачоска за право на надомест на трошоци поврзани со работата за смрт на член на нејзиното семејство, бр.05-3842/2 од 16.06.2015 година.

Советот на Агенцијата, со оглед на тоа дека не постојат правни пречки и со оглед на тоа дека во Финансискиот план на Агенцијата за 2015 година се предвидени

финансиски средства, едногласно даде согласност на работникот м-р Тања Пачоска соработник за регулатива и аналитичко-правни работи во Одделението за нормативно-правни работи при Секторот за правни и економско-финансиски работи, да и се исплатат финансиски средства во висина од две просечни плати како надоместок за смрт на член на семејството (татко), врз основа на поднесеното Барање бр.3842/1 од 08.06.2015 година.

**Точка 13**

Разно.

Немаше точка под Разно

**Бр. 02-4030/13**
**25.06 2015 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**